**20220740879**

## МИНИСТЕРСТВО ЗА ЛОКАЛНА САМОУПРАВА

Врз основа на член 43 став (2) од Законот за рамномерен регионален развој (*) („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 24/21 и 174/21), министерот за локална самоуправа донесе

# ПРАВИЛНИК ЗА НАЧИНОТ НА ОРГАНИЗИРАЊЕ И СПРОВЕДУВАЊЕ НА РЕГИОНАЛНИ КОНСУЛТАЦИИ – ФОРУМИ ЗА УТВРДУВАЊЕ НА ПРЕДЛОГ – ЛИСТА НА ПРОЕКТИ ЗА РАЗВОЈ НА ПЛАНСКИТЕ РЕГИОНИ

Член 1

Со овој правилник се пропишува начинот на организирање и спроведување на регионалните консултации – форуми за утврдување на Предлог – листа на проекти за развој на планските региони.

**Поимник**

Член 2

Одделни поими употребени во овој правилник, го имаат следново значење:

1) **„Регионални консултации - форуми“** (во натамошниот текст: форуми) се регионални консултации кои служат како алатка за идентификација, приоретизирање и подготовка на Предлог-проекти за развој на планските региони кои се водат на партиципативен, инклузивен и транспарентен начин;

2) **„Модератор“** е лице кое живее надвор од регионот во кој се одвива форумот, кое не е вработено во општините и кое е избрано од Центрите за развој на планските региони (во натамошниот текст: Центрите) за менаџирање со форумскиот процес, за водење на процесот на структурирање на форумот, за учество во изборот на ко-модератор и оперативна група, за остварување средби со учесниците и надворешните експерти, за промоција на форумот и за известувањето на Центрите;

3) **„Комодератор“** е лице за менаџирање на Оперативната група назначен од Центрите за развој на планските региони;

4) **„Оперативна група“** е група која ги организира и технички ги подготвува сесиите и состаноците помеѓу сесиите, презема локални промотивни активности, ги подготвува документите за форумската сесија, прибира информации за мерење на влијанието на форумот во заедницата и врши други активности за привлекување на учесници од сите општини во регионот;

5**) „Работна маса“** е основна единица на форумската структура преку која целните групи ги споделуваат своите ставови, проблеми, решенија и се донесуваат заеднички одлуки;

6) **„Надворешен експерт“** претставува стручно лице за подготовка на концепт решенија и Предлог-проекти во идентификуваната област, ангажиран од секој Центар за развој на планските региони (во натамошниот текст: Центарот) по претходно подготвени „Опис на задачи“ од страна на Центрите;

7) **„Концепт решение“** претставува идејно решение кое ги исполнува насоките за аплицирање на проектите на Бирото за регионален развој и кое треба да содржи, „анализа на инвестициите и придобивките“ и

8) **„Предлог-проектот“** претставува детален опис со вклучен буџет на дискутираните концепт решенија изработен од Центарот заедно со надворешниот експерт.

9) **„Резервирани маси“** се наменети за гости, експерти, донатори и медиуми кои не го гледаат својот интерес на воспоставените маси, а сакаат да учествуваат на форумот но немаат право на глас.

Член 3

Пред започнување на организирање и спроведување на форуми спроведувачот на Програмата за рамномерен регионален развој во период не пократок од десет дена од денот определен за организирање и спроведување на форумите ги информираат Центарите за висината на финансиските средства со кои располагаат, минималната вредност на секој Предлог-проект и за дополнителните услови кои се значајни за процесот.

## 1. Организирање и спроведување на форуми

## Структура на форуми

Член 4

(1) Форумите се регионални консултации отворени за сите граѓани и работат преку структурирани дискусии, водени од надворешен, независен и сертифициран модератор, согласно со претходно утврдена агенда од страна на модераторот и оперативната група.

(2) Основна единица на форумската структура се работните маси.

(3) Освен работните маси од ставот (2) на овој член, на форумите може да има и „резервирани“ маси.

Член 5

(1) На форумите се дефинираат приоритетните области и се приоретизираат концепт решенијата.

(2) Форуми се состојат од две сесии и настан за промоција во кои се вклучуваат и работа помеѓу сесиите, поврзана со анализа на состојбата и подготовка на концепт решенијата.

## Работни маси

Член 6

(1) Форумот го сочинуваат најмалку пет, а најмногу десет работни маси.

(2) Секоја работна маса има од шест до десет учесници.

(3) Работните маси ги сочинуваат различни интересни групи (во натамошниот текст: чинители), групирани согласно нивните социо-економски интереси и видувања на заедницата.

(4) Работните маси ги имаат следниве задачи:

- го структурираат форумот,
- дискутираат и ги дефинираат приоритетните области,
- ги идентификуваат потребите и предизвиците од областа,
- даваат препораки за подобрување на концепт решенијата и
- ги приоретизираат предложените концепт решенија.

(5) Сите работни маси имаат еднакво право на глас.

(6) Чинителите на работните маси ги предлагаат Центрите и модераторите и нивната структура ја рефлектира заедницата.

(7) Чинителите на работните маси можат да ги предлагаат и самите учесници, ако оценат дека предложениот состав најдобро ги отсликуваат нивните интереси.

(8) Работните маси предложени согласно со ставовите (6) и (7) на овој член се составени од следниве категории на интересни групи:

- најмалку 40% - жени,
- најмалку 20% - млади,
- немнозинските етнички заедници согласно нивниот социо-економски интерес, кои не се формираат во чисти етнички маси,
- здруженијата на граѓани согласно нивното поле на работа кои не се формираат во посебни маси на здруженија на граѓани и
- претставници на општините според нивниот интерес, а не според тоа која општина ја претставуваат.

**„Резервирани“ маси**

Член 7

(1) Покрај работните маси од членот 6 од овој правилник, на форумот може да има и „резервирани“ маси.

(2) „Резервираните“ маси од ставот (1) на овој член може да бидат:

- слободна работна маса,
- маса на оперативна група и
- маса за гости.

(3) Резервираната маса од ставот (2) алинеја 1 на овој член на форумот е наменета за граѓани кои не го гледаат својот интерес на воспоставените маси, а сакаат да учествуваат на форумот.

(4) Резервираната маса од ставот (2) алинеја 2 на овој член на форумот е наменета за сите претставници на Центарот кои не учествуваат во дискусијата и немаат право на глас.

(5) Резервираната маса од ставот (2) алинеја 3 на овој член на форум е наменета за гости, експерти, донатори и медиуми кои може да учествуваат во дискусијата, да споделуваат информации и да бараат појаснувања, но немаат право на глас.

**Учесници на форуми**

Член 8

(1) Вкупниот број на учесници на форумот е од 50 до 70 учесници, во зависност од големината на регионот.

(2) Учесниците на форуми ги сочинуваат:

- членови на Советите на развој на планските региони (во натамошниот текст: Советите),
- претседателите на Советите и советници од општините во планскиот регион,
- бизнис заедницата во регионот, претставена од стопанските комори,
- здруженијата,
- претставници на урбани/месни заедници по општина и
- заинтересирани граѓани.

**Ограничување на учесници на форуми**

Член 9

Вкупниот број на учесници на форуми од членот 8 од овој правилник може да се ограничи и на следниов начин:

1) вкупниот број на учесници-претставници од секоја општина од регионот се препорачува да не биде поголем од два или;

2) вкупниот број на учесници по општина, од сите чинители, да не биде помал од пет претставници или

3) вкупниот број на учесници по општина, од сите чинители, да не биде поголем од десет претставници.

## 2. Спроведување на процесот на реализација на форуми

### Фази во процесот на реализација на форуми

Член 10

Спроведувањето на реализација на форумите се состои од шест фази, и тоа

1) Фаза еден: Подготвителна фаза;

2) Фаза два: Реализирање на прва сесија на форуми;

3) Фаза три: Анализа на утврдената состојба од првата форумска сесија од страна на ангажираниот надворешен експерт и подготовка на минимум три концепт решенија;

4) Фаза четири: Презентација на концепт решенијата пред Советите;

5) Фаза пет: Реализирање на втората форумска сесија и

6) Фаза шест: Утврдување на Листа на Предлог-проекти од страна на Советите на Центрите.

### Подготвителна фаза

Член 11

(1) Подготвителната фаза во процесот на реализација на форуми се состои од:

1) избор на модератори;

2) избор на надворешен експерт;

3) формирање на оперативната група;

4) подготвителен состанок и

5) избор на клучни локални партнери.

(2) Подготвителната фаза започнува со изборот на модератори, од листата на сертифицирани форумски модератори во Заедницата на единици на локалната самоуправа (ЗЕЛС) кој го врши Центарот.

(3) Со изборот на модератори од ставот (2) на овој член избраните модератори добиваат информации за подготовката и водењето на процесот од страна на Центарот.

(4) За подготовка на концепт решенија и Предлог-проекти во идентификуваната област се врши и избор на надворешен експерт.

(5) Надворешниот експерт од ставот (4) на овој член секој Центар го определува врз основа на претходно подготвени „Опис на задачи“.

(6) По изборот на модератори и надворешен експерт во процесот на реализација на форумите во подготвителната фаза се формира оперативна група како оперативно тело.

(7) По изборот на модератори, надворешен експерт и по формирањето на оперативна група заради детално запознавање со процесот и за антиципирање на можните пречки и соодветни решенија се реализира подготвителен состанок помеѓу Центрите, надворешните експерти и модераторите.

(8) Изборот на клучните локални партнери на подготвителната фаза се врши на следниов начин:

1) модераторите заедно со Центарот ги идентификуваат учесниците на форумите;

2) оперативната група, заедно со модераторот согласно насоките за учество на форумските сесии, подготвуваат финална листа на номинирани учесници од секоја претходно идентификувана институција/организација, со цел претставување на целата заедница.

**Реализирање на прва сесија на форуми**

Член 12

(1) Првата сесија на форуми се реализира со времетраење од два до три часа.

(2) На првата сесија на форуми се поставуваат следниве цели:

- се структурира форумот,
- се информираат учесниците за форумскиот процес,
- се избира специфична приоритетна област (до две приоритетни области) за развој на планскиот регион на форумот и комплементарните области,
- се идентификуваат клучните проблеми и потреби во избраната област и комплементарните области, со кои се соочува планскиот регион.

(3) Со реализацијата на целите од ставот (2) на овој член на првата сесија на форумите се постигнуваат следниве резултати:

- воспоставање на структурата на форумот,
- утврдување на јасен процес на работа и одлучување за сите учесници,
- избор на приоритетна област/и за развој на планскиот регион, за дискусија на форумот,
- идентификувани и групирани приоритетни регионални проблеми, од избраната област и
- давање на препораки за локалните и национални институции.

(4) Првата сесија на форуми започнува со утврдување на приоритетна област/и.

(5) Областа/и на која ќе работи форумот треба да е претходно дефинирана/и во планските документи на планскиот регион (програми, акциски планови).

(6) Областите кои ќе бидат утврдени на првата сесија на форуми можат да бидат: туризам, бизнис инфраструктура, земјоделство, социјална инклузија и други.

(7) Пред изборот на област/и на првата сесија на форуми, модераторот јасно ги информира учесниците за важноста од избор на тема која е најрелевантна за планскиот регион.

(8) По изборот на темата од ставот (7) на овој член се воспоставува структура на форумот. Модераторот заедно со Центарот подготвуваат предлог работни маси, за кои учесниците на влезот на просторијата во која се одржува сесијата се одлучуваат каде ќе учествуваат на првата сесија.

(9) Работните маси на првата сесија на форуми се формираат согласно форумскиот пристап т.е. ја претставуваат интересна група, а не општина (социјална инклузија, патна инфраструктура, комунални дејности, образование, туризам, и други).

(10) На првата сесија на форуми се предлагаат пет до десет работни маси, не сметајќи ги „резервираните маси“ за оперативната група и медиумите/гостите. На секоја од предложените масите има од шест до десет учесници.

(11) Со цел да не се елиминира некоја интересна група од учество на форумот дозволено е по предлог на учесниците додавање на работна маса.

(12) По структурирањето на форумот, модераторот го објаснува форумскиот процес и очекувањата од учесниците, по што секоја работна маса дискутира за клучните предизвици поврзани со областите и комплементарните области.

(13) На крајот на првата сесија на форуми, модераторот ја заклучува /сумира целата сесија на форуми, доколку има, ги издвојува препораките по што со учесниците определува датум, време и место за одржување на следната сесија на форуми.

**Анализа на утврдената состојба од првата форумска сесија од страна на ангажираниот надворешен експерт и подготовка на минимум три концепт решенија**

Член 13

(1) Помеѓу првата и втората сесија врз основа на идентификуваните предизвици од форумот на првата сесија, надворешниот експерт подготвува минимум три концепт решенија.

(2) Техничката, логистичката и експертската поддршка на надворешниот експерт од ставот (1) на овој член ја даваат модераторот и Центарот, а доколку е потребно и од учесниците на форумските сесии.

(3) Подготовката на концепт решенијата вклучува и теренска посета.

(4) Со поддршката од ставот (2) на овој член, надворешниот експерт обезбедува информација за изводливост од технички, административно-правен и финансиски аспект.

(5) За секое концепт решение надворешниот експерт прави „анализа на инвестициите и придобивките“.

(6) Со цел да се да подготват квалитетни концепт решенија од страна на надворешниот експерт, периодот меѓу првата и втората сесија е до 50 дена.

**Презентација на концепт решенијата пред Советите**

Член 14

(1) По финализирањето на концепт решенијата, надворешниот експерт или претставник на Центрите истите ги презентира пред Советот за развој на планскиот регион (во натамошниот текст: Советот).

(2) Советот детално се запознава со концепт решенијата. Концепт решенијата може да се дополнат со мислења и препораки за подобрување дадени од членовите на Советот.

(3) Доколку за некое концепт решение Советот оцени дека не е од регионално значење или приоритет за регионот, со мнозинство гласови од вкупниот број членови на Советот одлучува за можноста истото да биде одбиено.

(4) Секој член на Советот со право на глас може да одлучи да предложи нов концепт кој што не е дел од предложените концепти а за кои смета дека е од значење за регионот и за истото се одлучува со мнозинство гласови од вкупниот број членови на Советот.

(5) Записник од презентацијата на предложените концепт решенија водат претставниците на Центарот и истиот пред да ги приоретизира концепт решенијата им се дели на учесниците на форумот на втората сесија.

**Реализирање на втората форумска сесија**

Член 15

(1) На втората форумска сесија во процесот на реализација на форумите се:

1) информира форумот за процесот на работа помеѓу сесиите;

2) презентираат и дискутираат концепт решенијата;

3) даваат препораки за подобрување на концепт решенијата и

4) приоретизираат предложените концепт решенија на партиципативен начин.

(2) Втората форумска сесија започнува со кратка презентација и усвојување на записникот од претходната сесија.

(3) Надворешниот експерт во временски интервал од пет до седум минути по концепт, ги презентира концепт решенијата и процесот на нивна подготовка.

(4) Концепт решенијата кои се дискутираат на форумот треба, да:
1) се значајни за целиот регион;
2) се дефинирани со конкретни проблеми и да можат да се решат на регионално ниво;
3) генерираат различни мислења за нивно решавање;
4) бидат избрани од интересните групи преку партиципативен процес;
5) содржат компонента на социјална инклузија односно да се адресираат проблемите на лицата кои припаѓаат на една од ранливите и маргинализирани групи во регионот.

(5) По секоја презентација на концепт решенијата се отвара дискусија /расправа од форумот, со која се дава можност за предлози и препораки за нивно подобрување.

(6) Концепт решенијата се презентираат во претходно развиен и даден формат кој содржи:
1) изјава за проблемот со акцент на регионалната важност;
2) оправданост, цели и резултати,
3) активности и
4) буџет.

(7) Концепт решенијата кои се дискутираат и презентираат на втората форумска сесија во процесот на реализација на форуми треба да ги следат насоките за аплицирање на Предлог-проекти дадени од Бирото за регионален развој кои се јавно достапни на веб-страницата на Бирото.

(8) При презентацијата на сите насоки од ставот (7) на овој член потребно е истите да бидат докажани и документирани.

(9) По завршената презентација и дискусија секоја од работните маси ги приоретизира концепт решенијата и јавно ги соопштува своите резултати.

(10) Во текот на приоретизирањето модераторот внимава да нема комуникација помеѓу работните маси (движење, довикување, договор, и друго.).

(11) Сите резултати се запишуваат симултано и видливо, со цел целиот форум да биде запознаен со состојбата.

(12) Финалната листа се соопштува јавно и истата има советодавен/консултативен карактер за Советот.

(13) На крајот на втората форумска сесија во процесот на реализација на форумите се сумираат препораките што ќе бидат доставени до Советот.

**Утврдување на Листа на Предлог-проекти од страна на Советите**

Член 16

(1) По завршување на втората форумска сесија надворешниот експерт заедно со Центарот врз основа на препораките дадени од форумот, ги финализираат концепт решенијата и ги подготвуваат за избор пред Советите.

(2) Претставник на Центарот и надворешниот експерт ги презентираат Предлог-проектите пред Советот.

(3) Со цел Советот да има увид во мислењето на учесниците на форумот и истото да го земе во предвид при носење на финалната одлука надворешниот експерт и Центарот го информираат Советот за приоритетната листа на концепт решенијата предложена од форум на втората форумска сесија.

(4) Советот следејќи ги насоките за финансирање на Предлог- проекти за регионален развој, преку дискусија, ги утврдува Предлог - проектите кои ќе бидат дел од Листа на проекти за развој на планскиот регионот.

(5) Одобрените Предлог-проекти се разработуваат на формулар за аплицирање на Предлог-проект и се доставуваат до Бирото за регионален развој.

(6) Центарот во соработка со надворешниот експерт и општините - партнери го пополнуваат соодветниот формулар за аплицирање на Предлог-проект.

## 4. Временска рамка, менаџирање, мониторинг и известување за организирање и спроведување на форумите

Член 17

(1) Вкупната временска рамка за организирање и спроведување на форуми е пет месеци.

(2) Временскиот период за спроведувањето на реализација на форумите по фази се предвидени во следниве временски интервали:

1) Фаза еден, подготвителна фаза (избор на модератор, комодератор, оперативна група, надворешен експерт и листа на можни учесници) трае најмногу 14 дена;

2) Фаза два: Реализирање на првата сесија на форми, се одржува веднаш, а најдоцна седум дена од денот на завршувањето на подготвителната фаза;.

3) Фаза три: Анализа на утврдената состојба од првата форумска сесија од страна на ангажираниот надворешен експерт и подготовка на минимум три концепт решенија трае до 50 дена од завршувањето на првата форумска сесија;

4) Фаза четири: Презентација на концепт решенија на Советите се одржува веднаш по завршување на фазата три;

5) Фаза пет: Реализирање на втората форумска сесија се одржува до десет дена по завршување на фазата четири;

6) Фаза шест: Утврдување на Листа на предлог-проекти од страна на Советите се врши во рок до десет дена по завршување на рокот предвиден во точка 5) на овој став.

7) Во период до 30 дена од денот на завршување на фаза пет се пополнува апликациски формулар за предлог-проект и се прибира документација за предлог-проектите од страна на Центарот и надворешниот експерт;

### 4.1. Менаџирање со форумите

### Центри за развој на планските региони

Член 18

(1) Со процесот за организирање и спроведување на форумите управуваат Центрите.

(2) Клучните информации за подготовка на концепт решенија и финалната проектна документација на надворешниот експерт ги обезбедува Центарот.

(3) Логистичка поддршка на експертот од ставот (2) на овој член за организација на средбите (контакти, локација) со други чинители во регионот (општини, невладините организации, локални институции и други) ја обезбедува Центарот.

### Модератор

Член 19

(1) Модераторот управува со форумите и ги врши следните работи:

1) менаџирање со форумскиот процес, вклучувајќи мониторинг и поддршка на ко-модераторот, Оперативната група и работните групи;

2) водење на процесот на структурирање на форумот;

3) учество во изборот на ко-модератор и оперативна група;

4) индивидуални мотивациски средби со клучни учесници и надворешни експерти;

5) индивидуални активности за промоција на форумот;

6) известување до Центарот, врз основа на претходно дадени формулари за известување.

**Оперативната група**

Член 20

(1) Оперативната група ги организира и спроведува форумите.
(2) Оперативната група е составена од:
1) ко-модераторот;
2) претставник од Центарот задолжен за активностите за промоција;
3) претставник од Центарот задолжен за активностите за водење на записник;
4) претставник од некоја од другите чинители – невладините организации, бизнис заедница (доколку е потребно).
(3) Оперативната група ја менаџира ко-модератор.
(4) Комодераторот го назначува Центарот.
(5) Оперативната група ги:
1) организира сесиите, вклучувајќи избор на учесници (покани, јавувања, мејлинг листи);
2) организира состаноците помеѓу сесиите;
3) подготвува сесиите технички и работата помеѓу сесии (сала, информација, озвучување, и други организациски потреби);
4) подготвува и реализира локални промотивни активности – прес конференции, интервјуа, покана и информирање на медиумите;
5) подготовува документите за форумската сесија (записник, листи на учество, покани);
6) прибира информациите за мерење на влијанието на форумот во заедницата;
7) води записниците на сесијата, подготвува листи на присутни, подготовува информативни материјали;
8) врши други активности за привлекување на учесници од сите општини во регионот.
(6) За да се избегне конфликт на интереси претставниците на Оперативната група не учествуваат активно во дискусијата на сесиите и немаат право на глас.
(7) Поради составот на Оперативната група на регионалните форуми членовите на Оперативната група можат да разменуваат информации кои ги имаат со форумот.

**4.2. Мониторинг и известување за текот на форумските процеси**

Член 21
(1) Секој Центар воспоставува систем за следење на форумскиот процес.
(2) За мерење на задоволството од форумските сесии учесниците пополнуваат прашалник за евалуација.
(3) Форматот за известување што ќе овозможи споредливост помеѓу планските региони е еднаков за сите Центри.

**Индикатори за мерење на влијанието на текот на форумските процеси**

Член 22
Текот на форумски процеси за имплементирање на проектите избрани за финансирање се мери преку следниве индикатори:
1) вклученост на сите чинители;

2) број на воспоставени партнерства;
3) квалитет на дискусиите;
4) одржливост на имплементираните проекти;
5) број на развиени концепт решенија и Предлог-проекти;
6) број на спроведени проекти;
7) број и имплементирани препораки;
8) број на медиумски објави и
9) број на посети на достапните информации на веб- страниците и социјални медиуми.

**Организирање и спроведување на форумите во случај на вонредна и /или кризна состојба**

Член 23

(1) Во случаи на големи природни непогоди или епидемии односно на постоење / утврдување на вонредна и/или кризна состојба на територијата на Република Северна Македонија или нејзин дел, форумите се спроведуваат од далечина.

2) Спроведувањето на форуми од далечина од ставот (1) на овој член се спроведува без да се загрози легитемноста на процесот,преку активности со кои се овозможува одвивање на процесот по фази, и тоа на на следниов начин:

1) Фаза еден - Подготвителна фаза -изборот на модератор, надворешен експерт и оперативна група се спроведува со електронска комуникација (електронска пошта, телефон, платформи за on-line состаноци);

2) Фаза два - Реализирање на првата сесија на форми - се спроведува со претходна подготовка на модераторите и Центарот, кои ја подготвуваат листата на учесници и нивните контакти и ќе изготват документ за електронско гласање , кој содржи:

- избор на тема,
- клучни проблеми и
- предизвици.

На сите лица од листата на учесници им се испраќа образец за избор на темата, кој ги содржи сите области од кои може да се избира. Со изборот на темата на секој од учесниците им се доставува втор образец, со кој се бара идентификација на клучните проблеми. Добиените резултатите се сумираат од модераторите и се достават до надворешниот експерт;

3) Фаза три: Анализа на утврдената состојба од првата форумска сесија од страна на ангажираниот надворешен експерт и подготовка на минимум три концепт решенија се спроведува преку електронска комуникација на надворешниот експерт со Центарот, модераторот и институциите/граѓаните кои располагаат со потребните податоци за подготовка на концепт решенијата. Одржување на состаноци со мал број на учесници во оваа фаза не е исклучено, доколку овозможуваат просторните, здравствените и други услови за безбедност по здравјето на учесниците;

4) Фаза четири: Презентација на концепт решенија пред Советите се одржува на платформа за состаноци, по претходно доставување на сите подготвени концепт решенија по електронски пат;

5) Фаза пет: Реализирање на втората форумска сесија се спроведува електронски со изјаснување на секој од учесниците. На секој учесник, по електронски пат му се доставуваат сите концепт решенија и записникот од состанокот за концептите на Советите и се бара секој од нив да ги коментира, да препорача подобрувања и да ги приоретизира, согласно своите видувања. Во оваа фаза постои и можност за гласање на некоја од платформите за анкети. Модераторот ги сумира коментарите и препораките и ги доставува до надворешниот експерт;

6) Фаза шест: Утврдување на Листа на Предлог-проекти од страна на Советите се спроведува по електронски пат, на електронска платформа или со одржување на состанок.

(3) Доколку постојат просторни, здравствени и други услови кои овозможуваат почитување на мерките и препораките од надлежни институции за реализирање на настани кои се безбедни по здравјето на учесниците, процесот на реализација на форуми од далечина предвиден со ставот (2) на овој член, може да се спроведе и преку состаноци со физичко присуство на учесниците (чинителите), доколку е можно, со доследно почитување на мерките за заштита.

Член 24

При подготовка на Програмата за рамномерен регионален развој треба да се има во предвид организацијата, спроведувањето и финансирањето на форумите.

Член 25

Овој правилник влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Северна Македонија“.

Бр. 02-73/1
14 март 2022 година
Скопје

Министер за локална
самоуправа,
**Горан Милевски**, с.р.